61799

Весник
ЧЕТВРТОК 14 МАЈ 2009





Пратениците од мнозинството остануваат на ставот дека предложениот ребаланс соодветствува на реалната состојба во државата: предлог-макета на споменикот на Александар Македонски

# За Владата спомениците се уметност, а не трошок

**Според власта, тие не треба да се сфатат буквално како бикови или шмизли, туку како уметнички дела**

**Александрија Стевковска**

Спомениците што ги финансира Владата се уметнички дела во функција на облагородување на просторот и тие не се голем товар на државниот буџет. Вака вчера се бранеше министерот за финансии, Трајко Славески, на продолжението на општата расправа за ребалансот на буџетот, на Комисијата за финансирање и буџет, од жестоките напади на опозицијата, која останува на ставот дека во време на криза треба да се прекинат непродуктивните трошења, вклучително и градењето споменици.

„Смислата на спомениците не треба да се сфати буквално како бикови, шмизли или просјак, туку на нив треба да се гледа како на уметнички дела што го збогатуваат и облагородуваат просторот. На пример, една Братислава е преполна со скулптури што го создаваат белегот на тој град“, изјави вчера Славески пред пратениците.

За Томе Чинговски од СДСМ, не држат споредбите на Братислава и Скопје.

„Спомениците во другите земји се прават со векови. Нив не ги направила една влада и тоа во време на криза. Ако веќе правите споредба, зошто не го споредите процентот на невработени во земјава со бројот на невработени во Братислава“, праша Чинговски.

Според него, Владата изготвила буџет како да не припаѓа на овој свет.

Вчерашното продолжение на работата на Комисијата за финансирање и буџет продолжи во речиси идентичен амбиент како и во првиот ден. Опозицијата ги преповтори тврдењата дека ребалансот на буџетот е задоцнет, не е кризен и дека остава простор за владина комоција.

„Буџетот на земјава, па и неговиот ребаланс обезбедуваат комоција на Владата. Тој е поставен на стаклени нозе и беше во функција на изборите“, обвини Менде Димевски од СДСМ.

Тој посебно се осврна на делот на средствата кои со ребалансот му се скратени на здравството. „Со ребалансот се намалени сите ставки наменети за превенција на населението од болести, како што се систематските прегледи на учениците, ХПВ-вакцините, набавка на медицинска опрема, а не се намалени средствата за патни и дневни трошоци, купувањето ситен инвентар, комуникација, транспорт, оперативни услуги“, нагласи Димевски.

На ова одговори Славески, според кого некои ставки во медицинските услуги се скратени за да се воведе програмата за лекување ретки болести во износ од 27 милиони денари. „Програмите што се минимално намалени ќе се реализираат во текот на годината и во никој случај нема да биде доведена во прашање нивната реализација. Набавката на медицинската опрема е пролонгирана, бидејќи со тоа сакаме да го забавиме темпото на топење на девизните резерви, бидејќи тие машини би биле платени со девизи“, објасни Славески.

Опозицијата останува на барањето Владата да го коригира ребалансот на буџетот, со вметнување социјална компонента и драстично кастрење на сите непродуктивни трошења. Според нив, ребалансот на буџетот и пакетот антикризни мерки се донесени доцна и во нив не се содржани мерки за најзагрозените категории граѓани. Дел од нив забележаа и оти има мало намалување во ставката договорени услуги и стоки.

Пратениците од владејачкото мнозинство сметаат дека предложениот ребаланс на буџетот соодветствува со реалната состојба во државата и оти е донесен навреме. Според нив, антикризните мерки на Владата се донесени транспарентно, во консултација со бизнис-заедницата и рефлексите на некои од нив веќе се чувствуваат.

По завршувањето на општиот претрес, Комисијата ќе ги разгледа доставените 101 амандман по текстот на предложениот ребаланс. Предлог-ребалансот на буџетот за 2009 треба да биде разгледан на пленарна седница најавена за 18 мај.